КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА
АД СКОПЈЕ
Бр. 02-180-43/1
27.02.2020 год.
СКОПЈЕ

**Извештај**
**за усогласеност на работењето и управувањето на**
**Комерцијална банка АД Скопје со Кодексот за корпоративно управување**
**на акционерските друштва котирани на Македонската берза во 2019 година**

Комерцијална банка АД Скопје, како членка на Македонската берза, го усогласи своето работење со Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонската берза и во текот на 2019 година продолжи да се придржува на пропишаните принципи од овој Кодекс.

- Информациите за правата кои произлегуваат од родовите и класите на акции издадени од Банката, Статутот на Банката и измените и дополнувањата на Статутот, се објавени на интернет-страницата на Банката и на интернет-страницата на Македонската берза,

- Во текот на 2019 година, Банката одржа 1 (едно) Собрание на акционери, и тоа на 04.04.2019 година, при што беше испочитуван принципот според кој за полномошник на акционер не може да бидат назначени членови на семејствата на лицата кои се овластени да ја застапуваат и претставуваат Банката и нивните застапници, ниту пак застапник на член на органите на надзор и управување на Банката,

- Во 2019 година не се склучени акционерски договори кои ги ограничуваат правата од акциите на акционерите на Банката,

- При свикување на Собранието на Банката во март во целост беа испочитувани пропишаната постапка за свикување на Собранието, достапноста на информациите, постапката за пријавување присуство, како и начинот на водењето на Собранието,

- Во 2019 година не се извршени промени во сопственичката структура на капиталот на Банката кои се однесуваат на акционери со квалификувано мнозинство од над 5%,

- Во 2019 година не се донесени одлуки со кои се вршат големи измени во однос на идентитетот или карактерот на Банката,

- Учеството на странскиот капитал во Банката на 31.12.2019 година изнесува 3,74% од капиталот на Банката. АДОРА Инженеринг ДООЕЛ Скопје е акционер со квалификувано учество во Банката. АДОРА Инженеринг ДООЕЛ Скопје поседува 11,421% од вкупниот број издадени акции,

- Со Етичкиот кодекс за вработените во Комерцијална банка АД Скопје, донесен во 2014 година, и со измените на Етичкиот кодекс за вработените во Комерцијална банка АД Скопје, донесени во 2018 година, Банката воспостави збир од професионални стандарди и корпоративни вредности кои се применуваат подеднакво за членовите на Надзорниот одбор, на Управниот одбор, за другите лица со посебни права и одговорности и останатите вработени во Банката, а кои особено се однесуваат на: избегнување случаи на корупција и други незаконски и неетички однесувања и активности, избегнување судир на интереси, трансакции со поврзани лица со Банката и чување банкарска тајна,

- Банката во 2019 година во целост го испочитува принципот за навремено и точно објавување на сите суштински прашања кои се однесуваат на Банката, нејзината финансиска состојба, работењето, како и сите ценовно чувствителни информации на својата интернет-страница, на интернет-страницата на Македонската берза и во дневен весник. Со Политиката за објавување податоци и извештаи, донесена од Надзорниот одбор на Банката, се уредени начинот на објавување на извештаите и

обелоденување на податоците од страна на Банката, видот на податоците кои се објавуваат, формата во која се објавуваат, фреквенцијата на објавување и контролните системи кои ќе се воспостават при процесите на објавување на податоците,

- Во текот на 2019 година, Надзорниот одбор на Банката оствари ефикасен систем на контрола врз менаџментот на Банката,
- Надзорниот одбор одржа 6 седници во текот на годината, а во Извештајот за работењето на овој одбор подетално се содржани неговите активности,
- Надзорниот одбор, во целост го примени принципот на транспарентност во постапката за номинирање и избор на членовите на овој одбор. Членовите Сава Димитрова и Александра Максимовска Стојкова се независни членови на Надзорниот одбор.
- Во текот на 2019 година, принципот според кој Претседателот на Надзорниот одбор на Банката се грижи за правилно функционирање на Одборот во целост е испочитуван,
- Функцијата на внатрешен правен советник во Банката ја врши Директорот на Секторот за правни работи кој раководи со соодветната Дирекција за поддршка на работењето на органите на Банката,
- Согласно Законот за банките, Одборот за ревизија како орган на Банката ја врши функцијата на Комисијата за ревизија,
- Во текот на 2019 година Банката работеше согласно Политиката за наградување,
- Во 2019 година, Надзорниот одбор на Банката се грижеше за остварување на целите и стратегијата на Банката, притоа водејќи сметка и за интересите на засегнатите лица,
- Банката во целост го испочитува принципот според кој членовите на Надзорниот одбор се одговорни за усогласеност со законите и другите прописи кои се однесуваат на управувањето со ризици поврзани со работењето на Банката. Банката има воспоставено ефикасен систем за управување со внатрешниот ризик и контрола,
- Согласно Законот за банките, лицата со посебни права и одговорности на секои 6 месеци даваат писмена изјава за постоење или не постоење на судир на нивниот личен интерес со интересот на Банката. Во случај на појава на судир на интереси, до Надзорниот одбор и до Управниот одбор на Банката се доставува писмена изјава во која се наведува основот од кој произлегува судирот меѓу личниот интерес на лицето и интересот на Банката.
- Во 2019 година Банката нема склучено големи зделки. Зделките со заинтересирана страна се одобрени во согласност со Законот за банките.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР**
**Сава Димитрова**